# ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО 2017 ГОДИНА, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО НЕ ОБЕЗБЕДУВА СООДВЕТЕН ОПФАТ СО ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ НА НАЈРАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ДЕЦА И МЛАДИ.

2017 ГОДИНА - СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ ИМ СЕ ИЗВРШЕНИ НА **97,1 %** ОД УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ

УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (**97,5%**)

СТУДЕНТИ (**100 %**)

УЧЕНИЦИ ВО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (**94%**)

Систематски прегледи на деца и млади кои не се здравствено осигурени и кои се надвор од образовниот систем

Потрошени се само **55 000** денари или **14%** од планираните **400 000** денари

Во извештајот за спроведената Програма од страна на Институтот за јавно здравје не е наведен бројот на деца надвор од образовниот систем кои се опфатени со систематски прегледи според Програмата.

Средства за пасти за локална примена кај деца со посебни потреби наменети за превенција на кариес (за деца со посебни потреби до 14 години и со тежок вид на ментална и физичка попреченост во развојот)

Потрошени **59%** од планираните

Министерство за здравство исплатило **887 450** денари од предвидените **1 500 000** денари

**Буџетот на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во 2017 година бележи ниска стапка на реализација.**

**2017**

Партиципација за осигурани ученици и студенти како и за лица од 7-18 години неопфатени во образовниот систем за извршени систематски прегледи која се трансферира до ЈЗУ

Министерството за здравство исплатило само **67%** од средствата од усвоениот буџет на Програмата

Реализирани се 66% (3 010 850) од планираниот буџет (4 570 000)

Исплатен целосен фактуриран износ само на 4 здравствени установи

На 25 здравствени установи не им се исплаќаат сите средства кои ги фактурираат за реализација на активности од Програмата

**ЗАГРИЖУВА**

Планираните активности за подготовка на здравствено едукативен материјал за учениците, наменет за унапредување на здравјето на адолесцентите и младите (на теми: тутун, алкохол, дрога, сексуално и репродуктивно здравје, ментално здравје) воопшто не се спроведени. Тоа значи дека материјалот не е испечатен и не е дистрибуиран до учениците.

| Назив на установата | Вкупно фактурирани средства | Примени средства според здравствените установи | Вкупно исплатени средства според Министерството за здравство |
|---|---|---|---|
| Здравствен дом Скопје | 2.613.298,00 | 1.407.674,00 | 1.407.674,00 |
| Здравствен дом Кавадарци | 231.936,00 | 173.802,00 | 173.802,00 |
| Здравствен дом Гевгелија | 317.876,00 | 203.732,00 | 203.732,00 |
| Здравствен дом Тетово | 752.386,00 | 752.386,00 | 246.734,00 |
| Здравствен дом Демир Хисар | 33.820,00 | 19.230,00 | 19.270,00 |
| Здравствен дом Велес | 368.136,00 | 199.352,00 | 199.352,00 |
| Здравствен дом Неготино | 104.332,00 | 42.366,00 | 42.366,00 |
| Здравствен дом Пехчево | 17.240,00 | 8.620,00 | 13.590,00 |
| Здравствен дом Струга | 221.426,00 | 147.232,00 | 147.232,00 |
| Здравствен дом Пробиштип | 60.026,00 | 60.026,00 | 39.332,00 |
| Здравствен дом Струмица | 149.332,00 | 113.374,00 | 113.374,00 |
| Здравствен дом Кратово | 38.540,00 | 29.210,00 | 32.840,00 |
| Завод за рехабилитација на слух, говор и глас | 1.000.000,00 | 845.500,00 | 845.500,00 |
| Здравствен дом Охрид | 91.958,00 | 106.436,00 | 28.956,00 |
| Здравствен дом Крива Паланка | 77.750,00 | 35.900,00 | 35.900,00 |
| Здравствен дом Ресен | 49.832,00 | 28.574,00 | 28.574,00 |
| Здравствен дом Дебар | 44.088,00 | 33.066,00 | 33.066,00 |
| Здравствен дом Радовиш | 136.437,00 | 136.437,00 | 137.516,00 |
| Здравствен дом Битола | 348.428,00 | 235.202,00 | 235.202,00 |
| Здравствен дом Крушево | 55.766,00 | 45.312,00 | 45.312,00 |
| Здравствен дом Кочани | 160.094,00 | 96.846,00 | 96.846,00 |
| Здравствен дом С.Ростуше | 58.312,00 | 46.784,00 | 46.784,00 |
| Здравствен дом Свети Николе | 69.938,00 | 69.938,00 | 69.938,00 |
| Здравствен дом Вевчани | 102.360,00 | 102.320,00 | 102.280,00 |
| Здравствен дом Куманово | 259.952,00 | 194.964,00 | 194.964,00 |
| Здравствен дом Мак.Брод | 12.098,00 | 0 | 9.444,00 |
| Здравствен дом Виница | 102.328,00 | 81.146,00 | 81.146,00 |
| Здравствен дом Штип | 242.686,00 | 140.374,00 | 140.374,00 |
| Институт за јавно здравје | 50.000,00 | 50.000,00 | 50.000,00 |
| **ВКУПНО** | **7.770.375,00** | **5.405.803,00** | **4.821.100,00** |

**Во континуитет се бележат недоследности во планирањето на Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите**

Како и во претходните години, така и во 2017 години постои неусогласеност помеѓу наративниот и буџетскиот дел на Програмата. При тоа три мерки кои не се содржани во наративниот дел на програмата, се содржат во буџетот на Програмата. Додека четири мерки кои не се содржани во наративниот дел на програмата, се предвидени во буџетскиот дел од Програмата.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА